Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## од финансиски контроли на јавни здравствени установи за периодот 01.01.-31.12.2011 година

Скопје, март 2012 година

**I. Вовед**

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко – консултативна и болничка здравствена

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

## II. Цел на финансиската контрола

Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето и наменското трошење на средствата на ЈЗУ и начинот на фактурирање на здравствените услуги..

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

## III. Одделение за буџетска и финансиска контрола

Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата ја спроведуваат 17 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

| Организациона единица | Број на контролори |
|---|---|
| Централна служба | 4 |
| Скопје | 3 |
| Тетово | 1 |
| Гостивар | 1 |
| Струга | 1 |
| Охрид | 1 |
| Битола | 1 |
| Прилеп | 1 |
| Велес | 1 |
| Струмица | 1 |
| Кочани | 1 |
| Куманово | 1 |
| **Вкупно контролори** | **17** |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Регионалната распореденост на финансиските контролори во земјата е прикажана во следниот графикон:




**IV. Видови финансиска контрола**

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои реализираат согласно Годишен план за финансиска контрола и
- контроли со посебна намена

Во 2011 година согласно усвоениот Годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени 404 финансиски контроли. Во истиот период финансиските контролори спроведоа и 126 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли изнесува 530.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

| Р. Бр. | Вид на контрола | Број на извршени контроли |
|---|---|---|
| **1** | **Контроли согласно Годишен план за финансиски контроли** | **404** |
| *1.1* | *Контроли во ЈЗУ за постапување по однос на препораки за надминување на неправилности* | *62* |
| *1.2* | *Целосни финансиски контроли на ЈЗУ* | *40* |
| *1.3* | *Квартални контроли на фактури од ЈЗУ* | *302* |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | |
|---|---|---|
| **2** | **Наменски контроли** | **126** |
| *2.1* | *Контрола на здравствени домови* | *34* |
| *2.2* | *Контрола на фактури на ЈЗУ* | *30* |
| *2.3* | *Контрола на ПС за почитување на Процедурата за управување со документи за плаќање* | *30* |
| *2.4* | *Контрола на дијализни центри* | *20* |
| *2.5* | *Контрола на ортопедски куќи* | *4* |
| *2.6* | *Други наменски вонредни контроли на ЈЗУ* | *8* |
| | **Вкупен број на финансиски контроли во 2011** | **530** |

Степенот на реализација на Акцискиот годишен план за целосни финансиски контроли заклучно со 31.12.2011 година изнесува 100% односно сите планираните 40 целосни финансиски контроли се реализирани.

Споредбено, односот помеѓу реализираните плански и наменски финансиски контроли во рамките на вкупно извршени финансиски контроли изнесува:

- плански контроли – 76%
- наменски контроли – 24 %

Графички соодносот помеѓу планските и наменските контроли е презентиран на следниот начин:




## V. Реализација по видови на контроли

### 1. Контрола на ЈЗУ за постапување по однос на препораки од финансиска контрола во 2010 година

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Во текот на февруари 2011 година, согласно Годишниот план за финансиски контроли беа контролирани 62 ЈЗУ по однос на постапување на препораки од финансиските контроли од 2010 година кога беа предмет на целосна финансиска контрола вкупно 84 ЈЗУ. Останатите 22 ЈЗУ од вкупниот број на контролирани ЈЗУ во 2010 година беа контролирани по однос на постапување по препораки кон крајот на 2010 година.

Целта на овие контроли беше да се констатира дали и во кој степен се почитуваат препораките од страна на финансиската контрола кои се однесуваа на почитувањето на законската регулатива и договорите за пружање и плаќање на здравствени услуги како и на почитувањето на заклучоците од Сто и третата затворена седница на Владата на Република Македонија одржана на 28.09.2010 година.

Најзначајните констатации од контролите се следните:

- Во 30 ЈЗУ од контролираните 62 ЈЗУ констатирано е непочитување на член 5 од Спогодбата за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност. Овие ЈЗУ ги надминуваат дозволените 15%, 20% односно 25% додатоци на плата,
- Во 23 ЈЗУ нема обезбедено уредно пополнети Изјави за непостоење на судир на интереси од страна на членовите во комисијата во досието за спроведена постапка за доделување на договори преку јавни набавки;
- Во 20 ЈЗУ не е исполнето задолжниeто за членовите на управниот одбор на ЈЗУ да воведат зајакнати контролни механизми врз работењето на директорите на ЈЗУ;
- Во 19 ЈЗУ нема воведено електронски систем на евиденција на работно време, и спротивно на барањата, распоредите за редовна, прекувремена работа, како и за дежурства се изготвуваат во форма на рачно креирани листи за евиденција на присутност на работа врз основа на кои се исплатуваат платите и надоместоците;
- Во 14 ЈЗУ се уште не се врши реално планирање и редовно усогласување на планските документи како што се: годишен финансиски план, годишен план по вид и обем на здравствени услуги и годишен план за јавни набавки, и истите не се ажурираат согласно реализација на приходите и расходите во текот на годината;
- Во 14 ЈЗУ нема извршено реорганизација на административниот кадар во насока на зголемување на бројот на лица кои работат на постапките за јавни набавки;
- Во 13 ЈЗУ не се изработени и усвоени интерни акти за имплементација на процедурите за контрола при управување и евиденција на лековите и медицинските материјали заради постигнување на целосна контрола во работењето во рамките на болничката аптека и организационите единици;
- Во 5 ЈЗУ нема воведено сменско работење;
- Во 5 ЈЗУ не е извршена корекција на незаконско исплаќање на додатоци на плата на оние вработени на кои според Колективниот договор за здравство, истиот не им следуваат;
- Во 3 ЈЗУ не се усвојуваат планските документи со засебни одлуки на УО, односно се усвоени само во рамките на Бизнис планот;

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- Во 3 ЈЗУ не е воведено софтверско решение за разграничување на обврските и долговите.

Збирно, резултатите се прикажани во следната табела:

| Препораки | Број на ЈЗУ кои не работат во согласност со препораките од вкупно контролираните 62 ЈЗУ | Процент на ЈЗУ кои не работат во согласност со препораките во однос на вкупно контролираните 62 ЈЗУ |
|---|---|---|
| Додатоците на плата да се во рамките на дозволените лимити | 30 | 48,39% |
| Изготвување и пополнување на Изјави за непостоење на судир на интереси од страна на членовите во комисијата за јавни набавки | 23 | 37,10% |
| Членовите на управниот одбор на ЈЗУ да воведат зајакнати контролни механизми врз работењето на директорите на ЈЗУ | 20 | 32,26% |
| Воведување на електронски систем на евиденција на работно време | 19 | 30,65% |
| Планирање и редовно усогласување на планските документи | 14 | 22,58% |
| Зголемување на бројот на лица кои работат на постапките за јавни набавки | 14 | 22,58% |
| Усвоени интерни акти за имплементација на процедурите за контрола при управување и евиденција на лековите и медицинските материјали | 13 | 20,78% |
| Воведување на сменско работење | 5 | 8,06% |
| Вработените да добиваат додатоци не поголеми од оние утврдени во колективен договор | 5 | 8,06% |
| Усвојување на планските документи со засебни одлуки на управниот одбор | 3 | 4,84% |
| Воведување на софтверско решение за разграничување на долговите од обврските | 3 | 4,84% |

Најзначајните констатации се во делот на почитувањето на лимитите на додатоци на платата на вработените, почитувањето на законските прописи во спроведувањето на постапки за јавни набавки и зголемувањето на обемот на контрола врз работењето на директорите од страна на управните одбори на ЈЗУ.

## 2. Целосна финансиска контрола

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Целосната финансиска контрола има за цел темелна контрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ во претходната и тековната година од работењето. Таа подразбира контрола на:

- плански документи (Годишен финансиски план, Годишен план по вид и обем на здравствени услуги и Годишен план за јавни набавки)
- усогласеност на планските документи со буџетот на ЈЗУ
- пресметка на плати и додатоци на плата и бројот на вработениот персонал со полно работно време и персоналот вработен по други основи
- јавни набавки, договори со економски оператори и нивна реализација
- сметководствена евиденција
- раководење со благајна
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- договори склучени со други ЈЗУ за сервисни услуги
- контрола на начинот на фактурирање и искажување на услугите во документите за плаќање до Фондот

Согласно Годишниот план за финансиски контроли, во текот на 2011 година се реализирани 40 (четириесет) целосни финансиски контроли. Целосните контроли започнаа да се реализираат од Март 2011 година.

Согласно годишниот план за целосни контроли на материјално финансиското работење на ЈЗУ, операционализиран на месечно ниво, започнувајќи од март 2011, секој месец се вршеше контрола на 4 ЈЗУ, од страна на тим составен од двајца финансиски контролори.

Во рамките на извршените 40 контроли, контролирани се:

| **Вид на ЈЗУ** | **Број на ЈЗУ** |
|---|---|
| Центри за јавно здравје | 10 |
| Универзитетски клиники | 7 |
| Здравствени домови | 6 |
| Заводи | 4 |
| Клинички, општи и специјални болници | 9 |
| Институти | 3 |
| Здравствена станица | 1 |
| **Вкупно:** | **40** |

Најзначајните констатации од контролите се презентирани во следните табели:

**Табела 1:** Преглед на надоместокот од Фондот согласно договорите за пружање и плаќање на здравствени услуги, состојбата на обврски и долгови, почитување на законските обврски за изготвување и усвојување на планските документи за контролираните ЈЗУ во текот на 2010 година

| Ред Бр. | ЈЗУ | Надомес-ток за здравстве | Надомес-ток за здравстве | Состојба на обврски | Состојба на долгови | финансиски план и план на здравствени услуги по вид и обем | план за јавни набавки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | -ни услуги во 2009 | -ни услуги во 2010 | на 31.12.2010 | на 31.12.2010 | Дали се изработени/ усвоени на УО | Дали се усогласени со промените во буџетот | Дали е изработен /усвоен на УО | Дали е усогласен со промените во буџетот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Специјална болница за туберкулозни и белодбробни заболувања - Лешок | 14.790.021 | 14.839.138 | 1.120.734 | 765.221 | да / да | да | да / да | не |
| 2 | Максилофацијална хирургија | 24.162.128 | 24.000.000 | 983.286 | 0 | да / да | да | да / да | да |
| 3 | Специјална болница за белодробни заболувања и туберколоза - Јасеново | 27.943.711 | 28.029.118 | 333.407 | 0 | да / да | да | да / да | да |
| 4 | Институт за белодробни заболувања кај децата - Козле | 75.384.421 | 85.000.000 | 10.005.459 | 4.717.331 | да / да | да | да / да | да |
| 5 | Психијатриска болница - Негорци | 41.970.495 | 41.138.356 | 7.383.955 | 5.663.368 | да / да | не | да / да | да |
| 6 | Психијатриска болница - Скопје | 186.616.704 | 193.217.262 | 37.245.234 | 148.256 | да / не | да | да / да | не |
| 7 | Психијатриска болница – Демир Хисар | 93.082.523 | 98.222.601 | 26.575.915 | 19.672.877 | да / не | да | да / да | да |

| ред бр. | ЈЗУ | Надомес-ток за здравстве -ни услуги во 2009 | Надомес-ток за здравстве -ни услуги во 2010 | Состојба на обврски на 31.12.2010 | Состојба на долгови на 31.12.2010 | финансиски план и план на здравствени услуги по вид и обем | | план за јавни набавки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Дали се изработени/ усвоени на УО | Дали се усогласени со промените во буџетот | Дали е изработен / усвоен на УО | Дали е усогласен со промените во буџетот |
| 8 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје | 27.510.062 | 27.617.472 | 515.088 | 0 | да / да | да | да / да | да |
| 9 | Завод за рехабилитација - Отешево | 18.766.758 | 19.512.362 | 1.184.907 | 1.071.256 | не / не | да | не / не | не |
| 10 | Здравствен дом - Куманово | 72.909.883 | 74.846.645 | 281.057 | 256.188 | да / не | да | да / не | да |
| 11 | Здравствен дом - Прилеп | 124.210.095 | 119.153.394 | 7.514.933 | 0 | да / не | да | да / да | да |
| 12 | Здравствен дом - Велес | 53.748.664 | 55.923.532 | 1.099.106 | 0 | да / да | да | да / да | да |
| 13 | Центар за јавно здравје - Битола | 20.024.574 | 17.857.005 | 2.403.840 | 0 | да / да | да | да / да | да |
| 14 | Универзитетска клиника за психијатрија | 45.701.816 | 42.083.134 | 5.582.165 | 5.150.492 | да / не | да | да / не | не |
| 15 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола | 12.731.178 | 12.519.234 | 400.641 | 0 | да / не | да | да / не | да |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **16** | **Завод за медицинска рехабилитација – Скопје** | 56.233.728 | 57.136.444 | 2.760.255 | 0 | да / да | да | да / да | да |
| **17** | **Здравствен дом – Демир Хисар** | 20.057.446 | 21.859.658 | 4.117.134 | 3.109.033 | да / да | да | да / да | не |
| **18** | **Институт за јавно здравје на РМ** | 21.674.247 | 15.611.112 | 36.885.742 | 24.636.657 | не / не | не | да / да | не |
| **19** | **Центар за јавно здравје - Штип** | 11.625.767 | 10.572.846 | 1.465.945 | 817.068 | да / не | да | да / не | да |
| **20** | **Центар за јавно здравје – Велес** | 16.449.139 | 16.105.439 | 1.066.084 | 191.608 | да / да | да | да / да | да |
| **21** | **Центар за јавно здравје - Кочани** | 9.410.299 | 9.078.294 | 1.792.044 | 835.996 | да / да | да | да / да | да |
| **22** | **Центар за јавно здравје – Прилеп** | 12.250.625 | 12.255.947 | 2.635.376 | 0 | да / да | да | да / да | да |
| **23** | **Центар за јавно здравје - Куманово** | 13.256.412 | 11.717.718 | 503.262 | 0 | да / да | да | да / да | да |

| **ред бр.** | **ЈЗУ** | **Надомес-ток за здравстве-ни услуги во 2009** | **Надомес-ток за здравстве-ни услуги во 2010** | **Состојба на обврски на 31.12.2010** | **Состојба на долгови на 31.12.2010** | **финансиски план и план на здравствени услуги по вид и обем** | | **план за јавни набавки** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **Дали се изработени / усвоени на УО** | **Дали се усогласени со промените во буџетот** | **Дали е изработен /усвоен на УО** | **Дали е усогласен со промените во буџетот** |
| **24** | **Центар за јавно здравје - Скопје** | 26.738.950 | 22.248.456 | 5.189.833 | 3.706.630 | да / да | да | да / да | да |
| **25** | **Центар за јавно здравје - Струмица** | 8.764.549 | 7.631.368 | 472.950 | 128.123 | да / да | да | да / да | не |
| **26** | **Центар за јавно здравје - Тетово** | 14.179.284 | 12.828.850 | 1.059.856 | 9.959 | да / да | да | да / да | да |
| **27** | **Центар за јавно здравје - Охрид** | 12.028.740 | 10.052.392 | 1.420.563 | 105.400 | да / да | да | да / да | да |
| **28** | **Градска болница - 8 - ми септември** | / | 259.772.816 | 20.199.061 | 0 | да / не | не | да / не | не |
| **29** | **ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија** | 583.116.008 | 615.506.628 | 279.156.518 | 51.187.519 | да / да | да | да / да | не |
| **30** | **ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија** | 364.419.227 | 354.000.000 | 2.497.139 | 0 | да / да | да | да / да | да |
| **31** | **Здравствен дом-Скопје** | 573.925.284 | 562.653.506 | 25.068.488 | 107.500 | да / да | да | да / да | не |
| **32** | **Клиничка болница-Битола** | 508.331.681 | 524.920.136 | 146.445.212 | 81.716.473 | да / да | да | да / да | да |
| **33** | **Здравствена станица-Кирил и Методиј** | 11.816.851 | 11.026.000 | 0 | 0 | да / не | не | да / да | да |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **34** | **ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија** | 101.890.117 | 112.802.128 | 73.669.386 | 57.656.958 | да / да | да | да / да | не |
| **35** | **Институт за трансфузиологија - Скопје** | 42.807.359 | 115.911.000 | 135.291.676 | 60.583.217 | не / не | не | да / да | да |
| **36** | **Здравствен дом - Крива Паланка** | 69.291.499 | 68.532.099 | 25.528.662 | 6.671.343 | да / да | да | да / да | не |
| **37** | **ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија** | 40.716.515 | 46.000.000 | 35.378.787 | 32.634.747 | да / да | не | да / да | не |
| **38** | **Општа болница - Прилеп** | 279.495.953 | 280.895.813 | 106.064.356 | 72.876.304 | да / да | не | да / да | да |
| **ред бр.** | **ЈЗУ** | **Надомес-ток за здравстве-ни услуги во 2009** | **Надомес-ток за здравстве-ни услуги во 2010** | **Состојба на обврски на 31.12.2010** | **Состојба на долгови на 31.12.2010** | **финансиски план и план на здравствени услуги по вид и обем** | | **план за јавни набавки** | |
| | | | | | | **Дали се изработени / усвоени на УО** | **Дали се усогласени со промените во буџетот** | **Дали е изработен /усвоен на УО** | **Дали е усогласен со промените во буџетот** |
| **39** | **Општа болница - Куманово** | 287.134.218 | 293.288.265 | 105.762.246 | 63.028.032 | да / да | да | да / да | да |
| **40** | **ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија** | 184.020.488 | 198.190.004 | 48.872.065 | 15.405.923 | да / да | да | да / да | да |

**Табела 2**: Преглед на утврдените лимити на додатоци на плати и споредба на планираните и реализираните ставки за трошоци за плати и за лекови и медицински материјали за контролираните ЈЗУ во текот на 2010 година

| **Ред бр** | **ЈЗУ** | **додатоци на плата** | | **расходи за плати** | | | **расходи за лекови и медицински материјали** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Доз-волен лимит %** | **Испла-тено %** | **Планира-но** | **остварено** | **разлика (оствар. /план.)** | **Планира-но** | **остварено** | **разлика (оствар. /план.)** |
| **1** | **Специјална болница за туберкулозни и белодробни заболувања – Лешок** | 20% | 22,17% | 11.897.000 | 9.875.089 | -2.021.911 | 1.193.000 | 1.960.875 | 767.875 |
| **2** | **Максилофацијална хирургија** | 25% | 22,40% | 19.368.454 | 19.140.775 | -227.679 | 2.667.764 | 2.035.490 | -632.274 |
| **3** | **Специјална болница за белодробни заболувања и туберколоза - Јасеново** | 20% | 26,80% | 15.596.180 | 14.565.684 | -1.030.496 | 2.864.600 | 3.677.216 | 812.616 |
| **4** | **Институт за белодробни заболувања кај децата - Козле** | 20% | 21,69% | 74.005.600 | 69.793.511 | -4.212.089 | 11.238.400 | 10.660.505 | -577.895 |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Психијатриска болница - Негорци | 20% | 22,32% | 34.033.000 | 31.734.969 | -2.298.031 | 3.192.000 | 2.093.116 | -1.098.884 |
| 6 | Психијатриска болница - Скопје | 20% | 20,54% | 146.907.400 | 146.585.749 | -321.651 | 30.760.000 | 22.324.359 | -8.435.641 |
| 7 | Психијатриска болница – Демир Хисар | 20% | 20,26% | 86.053.000 | 83.075.976 | -2.977.024 | 11.000.000 | 7.358.841 | -3.641.159 |

| Ред бр | ЈЗУ | додатоци на плата | | расходи за плати | | | расходи за лекови и медицински материјали | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Дозволен лимит % | Исплатено % | Планира-но | остварено | разлика (оствар. /план.) | Планира-но | остварено | разлика (оствар. /план.) |
| 8 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје | 15% | 16,92% | 22.541.048 | 22.505.539 | -35.509 | 8.997 | 9.693 | 696 |
| 9 | Завод за рехабилитација - Отешево | 15% | 22,67% | 15.000.000 | 14.587.104 | -412.896 | 1.040.000 | 1.615.866 | 575.866 |
| 10 | Здравствен дом - Куманово | 15% | 17,89% | 76.547.000 | 75.830.257 | -716.743 | 4.470.000 | 3.791.938 | -678.062 |
| 11 | Здравствен дом - Прилеп | 15% | 19,24% | 88.000.000 | 85.673.816 | -2.326.184 | 26.600.000 | 30.721.263 | 4.121.263 |
| 12 | Здравствен дом - Велес | 15% | 25,93% | 53.466.000 | 53.252.816 | -213.184 | 2.126.000 | 2.034.139 | -91.861 |
| 13 | Центар за јавно здравје - Битола | 15% | 24,78% | 29.900.000 | 30.466.891 | 566.891 | 7.900.000 | 5.670.942 | -2.229.058 |
| 14 | Универзитетска клиника за психијатрија | 25% | 23,64% | 37.043.945 | 35.939.045 | -1.104.900 | 1.188.167 | 5.540.330 | 4.352.163 |
| 15 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола | 15% | 18,99% | 9.911.000 | 10.587.398 | 676.398 | 118.000 | 16.606 | -101.394 |
| 16 | Завод за медицинска рехабилитација - Скопје | 15% | 16,90% | 50.227.000 | 50.227.001 | -1 | 939.000 | 938.908 | -92 |
| 17 | Здравствен дом – Демир Хисар | 15% | 15,52% | 20.860.000 | 20.493.142 | -366.858 | 1.920.000 | 1.918.660 | -1.340 |
| 18 | Институт за јавно здравје на РМ | 25% | не може да се утврди (примена на нето принцип на пресметка) | 72.000.000 | 71.925.106 | -74.894 | 32.100.000 | 7.439.574 | -24.660.426 |
| 19 | Центар за јавно здравје – Штип | 15% | 16,33% | 17.640.000 | 16.993.921 | -646.079 | 5.250.000 | 4.156.034 | -1.093.966 |
| 20 | Центар за јавно здравје – Велес | 15% | 16,92% | 28.000.000 | 26.321.343 | -1.673.657 | 4.950.000 | 4.631.488 | -318.512 |
| 21 | Центар за јавно здравје - Кочани | 15% | 20,34% | 24.121.000 | 15.996.529 | -8.124.471 | 6.102.000 | 4.073.990 | -2.028.010 |
| 22 | Центар за јавно здравје – Прилеп | 15% | 15,67% | 20.240.000 | 19.848.521 | -391.479 | 4.314.508 | 4.120.243 | -194.265 |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| Ред бр | ЈЗУ | додатоци на плата | | расходи за плати | | | расходи за лекови и медицински материјали | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Доз-волен лимит % | Испла-тено % | Планира-но | остварено | разлика (оствар. /план.) | Планира-но | остварено | разлика (оствар. /план.) |
| 23 | Центар за јавно здравје - Куманово | 15% | 22,05% | 27.000.000 | 23.538.862 | -3.461.138 | 6.885.000 | 6.717.382 | -167.618 |
| 24 | Центар за јавно здравје - Скопје | 15% | 16,78% | 66.500.000 | 62.530.364 | -3.969.636 | 8.000.000 | 8.998.121 | 998.121 |
| 25 | Центар за јавно здравје - Струмица | 15% | 19,82% | 13.920.000 | 12.321.558 | -1.598.442 | 2.271.017 | 1.896.457 | -374.560 |
| 26 | Центар за јавно здравје - Тетово | 15% | 18,57% | 26.400.000 | 24.359.934 | -2.040.066 | 5.870.000 | 5.983.463 | 113.463. |
| 27 | Центар за јавно здравје - Охрид | 15% | 29,27% | 22.932.000 | 21.828.208 | -1.103.792 | 2.500.000 | 2.294.043 | -205.957 |
| 28 | Градска болница - 8 - ми септември | 20% | не може да се направи контрола, платите се пресметуван и во Министерств за одбрана | 165.000.000 | 118.317.000 | -46.683.000 | 120.000.000 | 64.665.124 | -55.334.876 |
| 29 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија | 25% | 21,78% | 75.329.000 | 69.552.522 | -5.776.487 | 606.295.000 | 551.893.892 | -54.401.108 |
| 30 | ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија | 25% | 19,98% | 47.500.000 | 44.992.098 | -2.507.902 | 281.250.000 | 286.520.364 | 5.270.364 |
| 31 | Здравствен дом-Скопје | 15% | 19,3% | 481.500.000 | 477.366.805 | -4.133.195 | 40.500.000 | 41.732.953 | 1.232.953 |
| 32 | Клиничка болница-Битола | 20% | 28,24% | 393.000.000 | 373.909.212 | -19.090.788 | 165.600.000 | 129.433.181 | -36.166.819 |
| 33 | Здравствена станица-Кирил и Методиј | 15% | 35,94% | финансискиот план не е усогласен со буџетот | 8.338.160 | / | финансискиот план не е усогласен со буџетот | 685.661 | / |
| 34 | ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија | 25% | 22,09% | 48.150.400 | 47.348.894 | -801.506 | 43.694.328 | 43.086.874 | -607.454 |
| 35 | Институт за трансфузиологија - Скопје | 25% | не може да се утврдат | 72.000.000 | 61.944.460 | -10.055.540 | 0 | 142.206.964 | не е во преокција |
| 36 | Здравствен дом - Крива Паланка | 15% | 23,99% | 42.802.000 | 45.874.060 | 3.072.060 | 16.901.000 | 12.345.966 | -4.555.034 |
| Ред бр | ЈЗУ | додатоци на плата | | расходи за плати | | | расходи за лекови и медицински материјали | | |
| | | Доз-волен лимит % | Испла-тено % | Планира-но | остварено | разлика (оствар. /план.) | Планира-но | остварено | разлика (оствар. /план.) |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **37** | **ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија** | 25% | 27,47% | 34.803.000 | 27.879.989 | -6.923.011 | 14.033.830 | 12.486.839 | -1.546.991 |
| **38** | **Општа болница - Прилеп** | 20% | 27,67% | 221.582.141 | 211.851.899 | -9.730.242 | 76.000.000 | 49.833.118 | -26.166.882 |
| **39** | **Општа болница - Куманово** | 20% | 25,68% | 208.200.000 | 208.071.043 | -128.957 | 70.928.000 | 70.761.853 | -166.147 |
| **40** | **ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија** | 25% | 20,42% | 76.000.000 | 71.182.722 | -4.817.278 | 105.300.000 | 106.576.503 | 1.276.503 |

Во 31 од контролираните 40 ЈЗУ е констатирано надминување на дозволените лимити на учеството на додатоците од плата во однос со основната плата, додека во 3 ЈЗУ контролата не беше во можност да го утврди коефициентот на учество на додатоците на плата заради погрешен начин на пресметка на плата.

Кај 12 од контролираните ЈЗУ е утврдено дека ги изготвиле, но не ги усвоиле планските документи (годишен финансиски план и годишен план за вид и обем на здравствени услуги) со Одлука на Управен одбор. Со тоа истите не ги почитуваат буџетските правила на планирање и остварување на приходите и расходите.

Голем дел од контролираните ЈЗУ вршат само формално изготвување на Финансискиот план и не се придржуваат на истиот во трошењето на средствата во текот на 2010 година. Одредени ЈЗУ остварувале расходи кои воопшто не ги планирале во Финансискиот план што говори за лошо и некоординирано финансиско планирање.

Кај сите контролирани ЈЗУ е констатирано остварување на расходи во поголем износ од планираниот како и остварување на расходи кои воопшто не се планирани со Годишниот финансиски план на установата. Ова претставува голем ризик во работењето и често ја намалува солвентноста и ликвидноста на ЈЗУ и влијае на зголемување на долговите.

Во 9 од контролираните ЈЗУ при увид на неколку пресметки во наплатните центри во ЈЗУ, контролирани по случаен избор е констатирано дека не се пресметува и наплатува партиципацијата согласно Одлуката за утврдување на учеството на осигурениците во вкупните трошоци на здравствените услуги.

При контролата на обврските и долговите на ЈЗУ преовладува констатацијата дека долговите во најголем дел се кон добавувачи на лекови и медицински материјали. Кај 14 ЈЗУ од вкупно 27 ЈЗУ кои на крајот на 2010 имаат долгови, е утврдено дека и покрај зголемениот договорен надоместок од страна на Фондот, овие ЈЗУ продолжуваат да генерираат долгови.

Во 22 ЈЗУ се уште се ангажираат лица со договор за дело, покрај ангажирањето на лица на определено време преку Агенциите за времено вработување. За ангажираните лица преку Агенции за времено вработување според законската процедура, ЈЗУ бараат и добиваат согласност од Министерството за финансии, додека кај лицата ангажирани со договор за дело оваа законска процедура се заобиколува.

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи, меѓу кои:

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- во 7 ЈЗУ се констатирани фактурирани износи кои се повисоки од договорените,
- во 5 ЈЗУ Одлуката за спроведување на постапка за јавни набавки не се изготвува согласно член 28 став 2 од Законот за јавни набавки
- во 3 ЈЗУ е констатирано набавка на стоки или услуги од добавувач со кој ЈЗУ има склучено договор, а кои не се дел од доставената техничка спецификација,
- во 2 ЈЗУ контролираните спроведени постапки на јавни набавки не се дел од Годишниот план за јавни набавки

Кај сите контролирани ЈЗУ кои имаат фактуриран износ по основ на програми од Министерството за здравство, на крајот на 2010 година констатирани се ненаплатени побарувања од Министерството за здравство во вкупен износ од околу 259 милиони денари.

**3. Вонтеренска контрола на начинот на фактурирање на здравствени услуги од здравствените установи**

Вонтеренските контроли се вршат во подрачните служби на Фондот до кои ЈЗУ фактурираат.

Предмет на контрола се фактурите и пропратната документација за извршени здравствени услуги од примарна, специјалистичко – консултативната и болничка здравствена заштита (за оние здравствени услуги кои не се опфатени со ДСГ системот).

Контролата на фактурите и пропратната документација има за цел да се утврди дали начинот на фактурирање на извршените здравствени услуги и содржината на фактурите се во согласност со законските и подзаконските акти како и со правилниците и ценовниците на Фондот со кои е регулиран начинот на фактурирање. Истата подразбира контрола на формата и содржината на фактурата, рекапитуларот, спецификацијата, пресметките и сите пропратни документи како што се упат и син картон. Во доменот на контролата се фактурираните здравствени услуги од специјалистичко - консултативната здравствена заштита и дневна болница.

Начинот на контрола на фактурите е дефиниран на таков начин што од секоја здравствена установа се контролираат фактурите од последните три месеци вклучително и последната фактура која се уште не е ликвидирана. Контролорите ја вршат контролата преку избор на пресметки по пациент по случаен избор при што минималниот број на контролирани пресметки од една здравствена установа за еден квартал е 150.

Вонтеренската контрола согласно Годишниот план за финансиска контрола започна да се имплементира од 01.03.2011 година и до крајот на 2011 година беа извршени 302 контроли над фактурите од 104 ЈЗУ.

Заклучно со 31.12.2011 година контролирани се околу 368,3 илјади пресметки.

Од вкупниот број на контролирани пресметки констатирани се неправилности во начинот на фактурирање во околу 119 илјади пресметки со што може да се извлече генерална констатација дека во 32,30% од вкупниот број на контролирани пресметки постојат неправилности.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Најзначајни неправилности кои се констатирани во процесот на фактурирање кај контролираните установи се:

- Фактурирање на непостоечки пакети и услуги од специјалистичко - консултативна здравствена заштита за искажување на пружени здравствени услуги;
- Искажување на цени на услуги и пакети кои се различни од референтните;
- Фактурирање на два пакети кои согласно Упатството за фактурирање на пакети за завршени епизоди на лекување во специјалистичко – консултативна здравствена заштита, не смее да се комбинираат во една пресметка;
- Фактурирање на услуги по стар ценовник во ситуација кога здравствената установа може да избере пакет на здравствени услуги;
- Пресметки без шифра и назив на пакет на здравствени услуги, без датум на извршена услуга и без дијагноза;
- Погрешно фактурирана партиципација која не соодветствува со Одлуката за одредување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствени услуги;
- Пресметана и наплатена повисока партиципација на товар на осигурениците;
- Партиципација наплатена од пациенти не е одземена од фактурираниот износ до Фондот;
- Фактурирање на партиципација до Фондот која согласно програмите на Министерството за здравство треба да биде побарувана од министерството;
- Неприменување на пропишаните обрасци за фактура, спецификација, рекапитулар и пресметка од страна на Фондот;
- Некомплетна пропратна документација (упат, син картон итн.);
- Фактурирање на специјалистички пакети за незавршени епизоди на лекување односно фактурирање со пресметки во кои е избран пакет со контролен преглед а истиот не е евидентиран како извршен;
- Приложени пресметки за извршени здравствени услуги во кои недостасуваат потребните податоци (пр. пресметки без потпис на осигуреното лице, без потпис и факсимил на лекар, без број на лекарски дневник итн.);

Од анализата на добиените податоци доставени од контролорите може да се извлече апроксимативна слика за соодносот помеѓу констатираните неправилности и нивната застапеност во вкупниот број на неправилни пресметки. Истата е презентирана во следниот графички приказ:

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk




Табеларно, констатациите и резултатите од контролите се презентирани во засебен дел од извештајот даден во прилог на овој извештај. Од прикажаните податоци во прилог на извештајот, можат да се издвојат следниве сумирани податоци за процент на неисправни пресметки по квартали по видови на ЈЗУ:

| ред бр | Видови здравствени установи | број на контролирани и неисправни пресметки во прв квартал | | | број на контролирани и неисправни пресметки во втор квартал | | | број на контролирани и неисправни пресметки во трет квартал | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вк. контр. во прв квартал | вк. неис-правни во прв квартал | % на неис-правни во прв квартал | вк. контро-лирани во втор квартал | вк. неис-правни во втор квартал | % на неис-правни во втор квартал | вк. контро-лирани во трет квартал | вк. неис-правни во трет квартал | % на неис-правни во трет квартал |
| I | ЗУ Универзитетски клиники: | 22,823 | 15,032 | 65.86% | 25,103 | 16,818 | 67.00% | 30,858 | 17,767 | 57.58% |
| II | ЈЗУ Општи болници: | 35,251 | 7,262 | 20.60% | 42,563 | 7,416 | 17.42% | 35,761 | 3,599 | 10.06% |
| III | ЈЗУ Специјални болници: | 20,654 | 6,000 | 29.05% | 20,079 | 10,339 | 51.49% | 14,717 | 5,006 | 34.02% |
| IV | ЈЗУ Здравствени домови: | 24,081 | 8,544 | 35.48% | 27,257 | 6,876 | 25.23% | 34,323 | 4,471 | 13.03% |
| V | ЈЗУ Центри за јавно здравје и институти: | 6,228 | 1,642 | 26.36% | 11,100 | 2,064 | 18.59% | 14,029 | 5,365 | 38.24% |
| | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО ЗА СИТЕ ЈЗУ** | | ***109,037*** | ***38,480*** | ***35.29%*** | ***126,102*** | ***43,513*** | ***34.51%*** | ***133,148*** | ***36,938*** | ***27.74%*** |

Од анализата може да се извлече генерален заклучок дека фактурите на ЈЗУ забележуваат помал број на грешки и неправилности. На општо ниво тие се

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

намалиле од 35,29% во првиот квартал на 27,24% во третиот квартал што е значајно намалување.

На следниот графикон е прикажан трендот на намалување на грешки во процесот на фактурирање:




На ниво на видови на здравствени установи најзначајно намалување на грешките се забележува кај општите болници и кај универзитетските клиники додека кај специјалните болници, центрите за јавно здравје и институтите забележуваат генерална тенденција на покачување на збирниот процент на грешки.

Во последниот квартал процентот на грешки по видови на јавни здравствени установи е прикажан во следниот графикон:



Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Значајно е да се каже дека одредени здравствени установи го намалиле бројот на грешки од преку 90% во првиот квартал на помалку од 20% во третиот квартал од 2011 година.

Од вкупно 104 контролирани ЈЗУ, кај 73 здравствени установи е забележано подобрување, кај 9 ЈЗУ процентот останал непроменет а додека кај 22 ЈЗУ процентот на грешки во фактурирањето во текот на годината се зголемил. Сепак точноста на оваа анализа зависи и од начинот на контрола кој е базиран на пресметки избрани по случаен примерок.

Резултати од контролата во периодот март – декември 2011 година:

- фактурите од контролираните ЈЗУ од страна на финансиската контрола се намалени / сторнирани за 64 милиони денари
- дадени се напатствија за правилен начин за фактурирање до 104 јавни здравствени установи
- врз основа на констатациите комисијата за референтни цени на услуги во континуитет добива информации за измени и дополнувања на постоечкиот ценовник на пакети и здравствени услуги;
- врз основа на увидот и констатациите во записниците од контрола се детектирани недоследности во правните акти и правилниците на Фондот и иницирана е нивна измена

## 4. Наменски контроли

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот или по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, заради ефикасно остварување на политиките на Фондот за финансирање на ЈЗУ и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли. Наменските контроли се вршат заради следење на

- наменското трошење на средствата во ЈЗУ,
- начинот и динамиката на плаќањето на обврските на ЈЗУ,
- реализација на приходите итн.

Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01. – 31.12.2011 година се презентирани во следната табела:

| Установи / ПС | Цел на контролата | Број на контроли |
|---|---|---|
| 34 здравствени домови | примена на пакетите на здравствени услуги во примарна здравствена заштита | 34 |
| 111 ЈЗУ (контрола извршена во подрачните служби на Фондот) | примена на пакети на завршени епизоди во специјалистичко - консултативна здравствена заштита | 30 |
| 30 подрачни служби на Фондот | примена на процедурата за управување со документи за плаќање во подрачните служби | 30 |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | |
|---|---|---|
| | на ФЗОМ | |
| 20 дијализни центри | контрола на извршување на здравствени услуги Хемодијализен третман, содржина на фактурите, спецификација и пресметување на партиципација | 20 |
| ЈЗУ УК за ендокринологија, дијабетис и метаболични нарушувања | контрола на долгови, обврски и плаќање по основ на инсулини | 1 |
| 4 ортопедски куќи | контрола на издадени ортопедски помагала за периодот април и мај 2011 година и увид во Решенијата за одобрување за пуштање во промет на ортопедски помагала | 4 |
| ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид | начин на фактурирање на компјутеризирана томографија | 1 |
| ЈЗУ УК за детски болести | број на пациенти кои примаат терапија со скапи лекови за цистична фиброза | 1 |
| ЈЗУ Здравствен дом – Кавадарци | Контрола на налози за користење на службени возила и потрошок на гориво во установата | 1 |
| ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка | Евиденција за присуство на работа како и евидентираните и исплатени часови на прекувремена работа на лекарите специјалисти во установата, врз основа на повик и службените отсуства на истите во период 1.1.2007 до 30.11.2010 година | 1 |
| ЈЗУ Специјална болница за душевни болести Демир Хисар | Контрола на фактури од веледрогерија Зегин Скопје за период 2008, 2009 и 2010 година до ЈЗУ | 1 |
| Општа болница - Кичево | Контрола на пресметка на плати, контрола на залихи на реагенси во лабораторија, контрола на јавни набавки на реагенси за хормони и тумор маркери и контрола на исплати на членови на Управен одбор | 1 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје | Контрола на залиха на скапи лекови | 1 |
| | **Вкупно извршени контроли** | **126** |

Финансиската контрола на Фондот успешно ги изврши сите наменски контроли и извештаите од контрола беа доставени за понатамошно постапување по констатациите и заклучоците.

**VI. Заклучок**

Финансиската контрола на Фондот во првата половина на 2011 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Резултатите од финансиската контрола се:

- Констатациите и препораките од финансиската контрола обезбедија зголемување на степенот на одговорност кај менаџментот на контролираните ЈЗУ.
- ЈЗУ има подобар увид во своето работење и во слабостите кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност.
- Финансиските контролори имаат двојна улога во вршењето на финансиската контрола во јавните здравствени установи. Контролната функција ја вршат заедно со едукативната, при што перманентно се врши укажување на надлежните во јавните здравствени установи за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи. Потоа преку контролата им се укажа на начинот на фактурирање, измените во законската регулатива и во актите на Фондот и сл. Препораките и укажувањата се содржани и во извештаите односно записниците од контролите.
- Финансиските контролори од оваа година имаат уште позначајна улога затоа што учествуваат во процесот на дисеминација на информации и размена на искуства и сознанија за начинот на фактурирање. Препораките од контролата на фактурите на ЈЗУ постигнаа ефект на зголемена стручност на персоналот во ЈЗУ за изведување на процесот и за подобрување на начинот на фактурирање. Контролираните ЈЗУ покренаа низа прашања до Сектор за финансиски прашања и до останатите засегнати сектори и служби во Фондот поврзани со процесот на фактурирање врз основа на извештаите и записниците од финансиските контроли.
- Раководителите, финансиските раководители и ликвидаторите (статичката контрола) во ПС зедоа активно учество во процесот на имплементација на констатациите од кварталните контроли. Кварталните контроли на фактури придонесоа за зголемување на ефикасноста и ефективноста на статичката контрола во ПС.
- Контролите на документацијата врз основа на која Фондот врши плаќање на здравствените услуги за своите осигуреници покренаа низа прашања во поглед на актите на Фондот и договорите за ЈЗУ со кои е регулирана проблематиката на фактурирање. Во Фондот беа разгледани проблематични формулации и членови во интерните акти на Фондот и врз основа на констатациите од контролата на терен беше извршено:
    i. Дополни, измени и прочистување на ценовникот за здравствени услуги каде беа додадени нови пакети за максилофацијална хирургија, нови алерголошки пакети, нови пакети за општа хирургија, ревидирање на цените на пакети за слух говор и глас, корекции на цени во очна медицина, нови пакети за нуклеарна медицина, нови пакети за рендген дијагностика, нови цени и ревидирање на постоечките цени на биохемиските анализи, дополна на цената за превоз на осигурено лице во странство (во болничка здравствена заштита), нови цени за вирусологија, нови пакети за детска стоматологија, нови пакети за

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

пaрадентологија и орална патологија, ревидирање на референтни цени на пакети во примарна здравствена заштита.

ii. Извршено додефинирање на одредбата за важењето на упатот од матичен лекар во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата од задолжително здравствено осигурување.
iii. Се утврди начинот на фактурирање за логопедски услуги.
iv. Беше регулирано и прашањето поврзано со вршење на дејност во ЈЗУ од страна на лекари кои не се вработени со полно работно време во истите односно таму каде ЈЗУ нема доволно кадар да ги врши тие услуги во рамките на дејноста. На одредени ЈЗУ кои имаат кадар за вршење на дејност за која немаат решение им беа дадени препораки за регистрација на нова дејност со цел соодветно да може да ги фактурираат ваквите услуги до Фондот.

- Искуствата од контролите придонесоа за подобрување на работењето на финансиската контрола. Истите резултираа и со измена во Упатството за финансиска контрола.
- Намалување на процентот на неисправни пресметки за сите ЈЗУ по квартали, и тоа од 35,29% за прв квартал, 34,51% за втор квартал и 27,74% за трет квартал.

Скопје, март, 2012 година　　　　Финансиска контрола во ФЗОМ

Изготвиле: Горан Трајкоски
Софче Величковска
Контролирал: Снежана Ќовкароска – Шилоска
Одобрил: м-р Татјана Лукановска

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Прилог 1**

## Детален преглед на констатациите и резултатите од контролите на фактури на ЈЗУ

### *Табела 1: Број на контролирани пресметки и констатации / неправилности*

| р.бр. | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Пресметки со грешно пресметана партиципација | Пресметки со непримена на референтни цени | Пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Пресметки со грешна примена на партиципац. во лаборатории | Документи за плаќање вон пропишаните обрасци од ФЗОМ | Грешни пресметки по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стоматолошки клинички центар | 620 | 135 | 21.77% | 0 | 0 | 135 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Клиника за максилофацијална хирургија | 1735 | 1319 | 76.02% | 384 | 157 | 47 | 0 | 0 | 731 |
| 3 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија | 7664 | 5985 | 78.09% | 2876 | 902 | 0 | 0 | 0 | 2207 |
| 4 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија | 2132 | 1098 | 51.50% | 0 | 376 | 0 | 0 | 200 | 522 |
| 5 | ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија | 2443 | 1690 | 69.18% | 172 | 80 | 1 | 0 | 0 | 1437 |
| 6 | ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија | 4711 | 4673 | 99.19% | 0 | 0 | 0 | 4673 | 0 | 0 |
| 7 | ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 2874 | 1796 | 62.49% | 1016 | 1 | 726 | 0 | 0 | 53 |
| 8 | ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија | 3093 | 1125 | 36.37% | 888 | 147 | 0 | 0 | 0 | 90 |
| 9 | ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија | 2369 | 1830 | 77.25% | 81 | 613 | 174 | 0 | 0 | 962 |
| 10 | ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања | 6500 | 6334 | 97.45% | 1975 | 395 | 3953 | 0 | 0 | 11 |
| 11 | ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија | 9261 | 7936 | 85.69% | 768 | 60 | 6778 | 0 | 0 | 330 |
| 12 | ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија | 750 | 596 | 79.47% | 368 | 0 | 143 | 0 | 0 | 85 |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| р.бр. | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Пресметки со грешно пресметана партиципација | Пресметки со непримена на референтни цени | Пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Пресметки со грешна примена на партиципац. во лаборатории | Документи за плаќање вон пропишаните обрасци од ФЗОМ | Грешни пресметки по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија | 1017 | 348 | 34.22% | 325 | 2 | 3 | 0 | 0 | 18 |
| 14 | ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести | 2298 | 1036 | 45.08% | 967 | 0 | 0 | 65 | 0 | 4 |
| 15 | ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 6662 | 4908 | 73.67% | 2042 | 240 | 1837 | 0 | 0 | 789 |
